РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ

# ОНЛАЈН
# СОВЕТУВАЊЕ НА ТЕМА:

# „Закон за заштита на укажувачите“

**Скопје**
**14 декември 2021 година**
**ЗООМ платформа**
**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

## ЦЕЛНА ГРУПА НА УЧЕСНИЦИ

Судски и јавнообвинителски службеници од сите апелациони подрачја.

## КРАТОК ПРЕГЛЕД И ЦЕЛ НА СОВЕТУВАЊЕТО

Целта на советувањето е да се разбере важноста на заштитеното внатрешно и надворешно пријавување како еден од основните елементи на интегритет во државните органи и институции од јавниот и приватниот сектор.

Заштитеното пријавување е важен дел од откривањето на злоупотребите во државните органи и институции од јавниот сектор. Заштитеното пријавување претставува изнесување на внатрешни информации за работењето на поединци или цели структури. Со заштитеното пријавување се пренесува разумно сознание или сомневање дека е извршено, се врши или е веројатно дека ќе се изврши казниво, неетичко, незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес. Заштитата на укажувачите се одвива согласно Законот за заштита на укажувачите и подзаконски акти кои произлегуваа тод него. Овој закон го уредува заштитеното пријавување, правата и обврски на укажувачите, како и постапувањето и обврските на институциите.

Заштитеното пријавување може да се изврши како:

- заштитено внатрешно пријавување (директно пријавувње во институцијата од интерес),
- заштитено надворешно пријавување (пријавување во Министерството за внатрешни работи, ДКСК, Народен правобранител итн.)
- заштитено јавно пријавување (објавување на информациите во јавноста).

Укажувачите треба да бидат заштитени и да ѝм се гарантира доверливост на пријавувањето. Идентитетот на укажувачите не треба да се открива без нивна согласност. Правото на доверливост може да се ограничи само со одлука на судот.

Досегашната практика покажала дека овој механизам многу малку се користи во институциите, и на централно и на локално ниво. Институции од јавниот и приватниот сектор треба да работат на промоција на можноста за заштитено пријавување со цел да се развијат позитивни ставови меѓу јавноста и професионалците. Исто така, институции од јавниот и од приватниот сектор треба да се осигураат дека ќе ги обезбедат сите потребни услови за заштита на анонимноста, како и заштитата од било какви последици спрема укажувачот.

## МАТЕРИЈАЛ

- ПП Презентации

## МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА СОВЕТУВАЊЕТО

ЗООМ платформа
https://zoom.us/signin

## ЛИНК ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОВЕТУВАЊЕТО

На пријавените учесници линкот ќе им биде доставен (на емаил адреса) 2 дена пред одржување на советувањето.

## ЛИЦЕ ЗАДОЛЖЕНО ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СОВЕТУВАЊЕТО

**Ивана Милановиќ**, Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Електронска пошта: Ivana.Milanovik@jpacademy.gov.mk и Тел. 02/2401-572

## ИЗЛАГАЧ

**г-а Софка Пејовска Дојчиновска,** член во Државната комисија за спречување на корупцијата и

**г-а Ирена Поповска,** генерален секретар во Државната комисија за спречување на корупцијата

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ**
**ПАВЕЛ ШАТЕВ**

# П Р О Г Р А М А

## 14 декември 2021 година (вторник)

11:00-12:30 Закон за заштита на укажувачите

- Прашања и дискусија

***г-а Софка Пејовска Дојчиновска,***
***Државна комисија за спречување на корупција***

12:30-13.00 Пауза

13:00-14:30 Закон за заштита на укажувачите, негова примена, отворени предмети и заштита на укажувачите

- Прашања и дискусија

***г-а Ирена Поповска,***
***Државна комисија за спречување на корупција***

14:30-14:35 Пополнување на прашалник за оцена на советувањето

Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев